Република Северна Македонија
Општина Долнени

Локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Dollnenit
Vetëqeverisja Lokale

Врз основа на член 23 став 2 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.08/05) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

Ја закажуваат Првата конститутивна седница на Советот на општина Долнени на ден 09.11.2021 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Долнени, со следниот :

## Д н е в е н р е д

1. Извештај од Општинската изборна комисија на општина Долнени од спроведените Локални избори 2021 година за членови на Советот во општини Долнени.
2. Избор на Верификациона комисија.
3. Верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Долнени.
4. Потпишување на Свечени изјави на верификуваните советници.
5. Р а з н о.

Избраните членови на Советот на
Општина Долнени

# З А П И С Н И К

Од одржаната 1 (прва) Конститутативанта седница на Советот на општина Долнени на ден 09.11.2021 год. во салата за состаноци во општина Долнени во 12:00 часот. Која беше свикана по иницијатива на претходиниот претседател на советот Раим Ајроски на Локалните избори 2021 година за општина Долнени. На кој присуствуваа следните членови: Ангела Јаковлеска, Виктор Перески, Дејан змејкоски, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ и Шенај Зера Ќамилоска . А додека оправдано отсутни беа Назим Адемоски, Линдита Сулејманоска и Ахмедин Рамовиќ. Од страна на Претседателот на Советот Раим Ајроски беше предложен следниот:

Седницата ја започна претходниот претседател на советот Раим Ајроски а потоа продолжи најстариот член од советот а тоа беше Хусеин Хасановиќ од редовите на Движење „Одлучно за Промени“ – ЛДП и ДОМ, да претседава сосоветот и истиот го предложи следниот:

Д н е в е н   р е д

1. Извештај од Општинската изборна комисија на општина Долнени од спроведените Локални избори 2021 година за членови на Советот во општина Долнени.
2. Избор на Верификациона комисија.
3. Верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Долнени.
4. Потпишување на Свечени изјави на верификуваните советници.
5. Р а з н о.

По прочитувањето на дневниот ред едногласно беше прифатен од страна на советниците од кој сите 12 гласаа ЗА.

1. По однос на првата точка од дневниот ред збор зеде претставникот а воедно и претседател на општинската изборна Комисија Зоран Здравески кој ги верификува советниците. Ангела Јаковлеска ВМРО - ДПМНЕ, Виктор Перески ВМРО - ДПМНЕ, Дејан Змејкоски ВМРО - ДПМНЕ , Елмедин Фазлиќ ДУИ, Изет Сулејманоски ЛДП и ДОМ, Мајран Алампиески СДСМ, Нади Садикоски АЛТЕРНАТИВА, Сеад Колашинац СДСМ, Онур Имероски ДПТМ, Рахим Адемоски ДУИ, Хусеин Хасановиќ ЛДП и ДОМ и Шенај Зера Ќамилоска БЕСА. Само на двата советника коибеа отсутни и останува во наредната седница да им се верификуваат изјавите.

2. По однос на втората точка од дневниот ред за избор на Верификациона комисија беа избрани тројца советника и тоа:
   - Елмедин Фазлиќ советник од редовите на ДУИ
   - Дејан Змејкоски советник од редовите на ВМРО - ДПМНЕ
   - Изет Сулејманоски советник од редовите на ЛДП и ДОМ.

3. По однос на третата точка од дневниот ред верификација на мандатите комисијата ја потврди верификацијата на мандатите. И воедно беше ставена на гласање од кој сите 12 советника гласаа ЗА.

4. По четвртата точка од дневниот ред советниците ги потпишаа свечените изјави.

З а п и с н и ч а р

_________________________

Еркан Ајдароски

Претседател
на Советот на општина Долнени

_________________________

Хусеин Хасановиќ